Друштво за трговија, производство и услуги
ПРОМЕДИКА ДООЕЛ
Бр. 0307-1890/18
30.10 2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на стоки
## по Оглас 16/2018

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-2293
29.10 2018 год.
СКОПЈЕ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. ЈЗУУ Клиника за Неврологија,
ул. Водњанска бр.17, Скопје - Р.Македонија застапувана од В.Д.Директор Д-р. Иван барбов (во понатамошниот текст Набавувач) од една страна, и

2. **ДТПУ Промедика ДООЕЛ** , адреса **Ул. Св.Кирил и Методиј бр.50 5-ти кат, Скопје** застапуван(о) од Управител **Ристо Лузевски**, (во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач) од друга страна.МБ. **5120276**

## II.ДЕФИНИЦИИ

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:
1)"Набавувач"- е субјект дефиниран во член 1 од Законот за јавните набавки.
2)"Добавувач"- е носител на набавката - домашно или странско правни или физичколице.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор за јавна набавка се стоки за набавка на ,
**ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ-НЕЈОНСКО КОНТРАСТНО СРЕДСТВО**

Според техничка спецификација дадена во тендерска документација и прифатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Единечната цена на услугите е дадена во прифатената понуда на добавувачот.
**ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ-НЕЈОНСКО КОНТРАСТНО СРЕДСТВО**
Вкупната цена на стоките изнесува **509,490.00** денари без ДДВ, ДДВ е **25,474.50** денари, вкупна цена со ДДВ: **534,964.50** денари.
Цената во понудата и во договорот не смеат да бидат повисоки од максималната единствена цена на големо утврдена од Министерството за здравство или референтната цена утврдена од ФЗОМ, земајќи ги во предвид пониските утврдени цени. Промената на единствените цени или референтните цени ќе предизвика промени во фактурните цени од денот на настанување на промените, што ќе се уреди со анекс кон договорот.

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува за период од една година. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

**Член 6**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од **15** дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка, по месечни требувања од клиниката, потрошниот материјал да го има на лагер постојано.